Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 14.01.2021

На 14.01.2021 во 00.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Сарај го лишиле од слобода Ј.И.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени повеќе таблети. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во периодот од 17.00 часот на 13.01.2021 до 01.00 часот на 14.01.2021 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле откриени 62 прекршоци, од кои 11 по акциската контрола и 51 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

Во периодот од 17.00 часот на 13.01.2021 до 01.00 часот на 14.01.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на возачи, кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата откриени и законски санкционирани се седум возачи (ТЕ-6 и ГВ-1), кои биле исклучени од сообраќај и времено им биле одземени возачките дозволи. Во овие активности, исто така, откриени се и 31 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-20).

Во периодот од 17.00 часот на 13.01.2021 до 01.00 часот на 14.01.2021 СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 11 возачи било утврдено присуство на алкохол, сите биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и издадени им биле записници за констатиран прекршок. Санкционирани биле и 54 останати прекршоци.

На 13.01.2021 во 10.15 часот било пријавено дека на крстосницата од ул.„Гоце Делчев" со ул.„Борис Кидрич" во Штип се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел астра", со светнинскоски регистарски ознаки, управувано од Ј.С.(44) од с.Ерелија и товарно возило „сканиа" со приколка, со штипски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.С. (58) од Штип. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во патничкото возило Д.Е.(44), а возачот Ј.С. се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Штип.

Во периодот од 17.00 часот на 13.01.2021 до 01.00 часот на 14.01.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, констатирани се 11 прекршоци, и тоа пет во Велес, два во Кавадарци и четири во Неготино.

На 13.01.2020 во 14.30 часот било пријавено дека на крстосницата од бул.„Христијан Тодоровски Карпош" и ул.„Ферид Бајрам" во Скопје, патничко возило „форд фиеста", со скопски регистарски ознаки, удрило во пешакот Р.Ц.(61) од Скопје и го напуштило местото на незгодата. Во незгодата Р.Ц. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.01.2021 во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Н.Р.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Филип Втори Македонски" бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2021 во 18.00 часот било пријавено дека на ул.„Видое Смилевски-Бато" во Тетово, патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, управувано од З.В.(30) од с.Фалише, тетовско, удрило во малолетен пешак од Тетово. По незгодата пешакот бил пренесен во Клиничкиот центар Тетово, каде од страна на лекар била констатирана смрт. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово.

На 13.01.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Карпош, А.Ѓ.(45) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2021 врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициската станица Кичево извршиле претрес во домот С.М.(40) од Кичево, во кој живеела и Л.М.(26). При претресот биле пронајдени хероин, марихуана и прибор за користење дрога, а лицата А.К.(26), С.Х.(25), С.З.(22), Р.Б.(27) и С.К.(28), сите од Кичево, биле затекнати при користење хероин. Сите лица биле приведени и предметите им биле одземени. По целосно документирање на настанот ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 13.01.2021 на ул.„Гоце Делчев" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Н.М.(46) од Охрид, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.01.2021 во периодот од 09.00 до 15.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај во СВР Штип спроведоа акциска контрола за откривање на возачи кои непрописно ги паркирал возилата. Притоа, биле констатирани 36 прекршоци и на сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Откриени биле и два останати прекршоци и за нив биле изречени санкции.

На 13.01.2021 во 17.45 часот било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Аеродром, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Х.Г.(22) и К.С.(18), од една страна и М.И.(18) и Д.Ѓ.(21), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(37) и С.Г.(34), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 25.12.2020 на ул. „Видое Смилевски Бато" во Тетово, пријавените одзеле 5.040 евра и мобилен телефон од патничко возило „мерцедес", сопственост на Ј.К.(49) од с.Милетино, тетовско. По пречемаат мерки тие биле пронајдени и приведени во СВР Тетово.

На 13.01.2021 во 21.45 часот, М.Б.(21) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.01.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, И.Ј.(37) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 12.01.2021 во ОВР Берово, Е.А. од Берово пријавила дека на 11.01.2021 на социјалната мрежа „Фејсбук", В.Н. и Б.С., двајцата од Берово, на своите кориснички профили објавиле закануваучки содржини кон неа. За настанот бил известен Јавен Обвинител и се пречемаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2021 во 13.00 часот во СВР Битола, С.Г.(35) од Битола пријавила дека во 12.30 часот нејзиниот 17-годишен внук со остар предмет оштетил прозори од куќата и упатил закани кон неа. Тој бил спречен во намерата од полициски службеници кои пристигнале на местото. Се пречемаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2021 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.Г.(68) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Карпош бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Ф.(43), А.Ј.(24), А.Ј.(26) и Р.С.(59) сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 29.11.2020 на ул.„Дреновец Порој" во Тетово, поради недоразбирање во сообраќајот, пријавените започнале меѓусебна физичка пресметка, во која употребиле и тврди предмети.

На 13.01.2021 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, Д.Ш.(43) од Скопје пријавил дека во Градски парк бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ј.(27) од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 24.11.2020, пријавениот без негова дозвола го снимал Н.А.(44) од с.Брвеница, тетовско, по што видеото го објавил на неговиот кориснички профил на социјалната мрежа „Тик ток".

На 14.01.2021 во 03.30 часот, В.В.(28) од Скопје пријавил дека околу 01.20 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице, кое подоцна се обидело да го удри со возило. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против правно лице од с.Долно Градче, кочанско и против В.В.(36) од Кочани, одговорно лице во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 03.01.2021 полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект на правното лице во с.Долно Градче и било констатирано дека работи по дозволеното време и во него биле затекнати 11 лица.

На 14.01.2021 во 02.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Крушопек, скопско, настанал пожар во патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Џ.Н.(56). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 14.01.2021 во 13.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред деловен објект на во с.Љубош, на регионалниот пат за селата Батинци – Драчево, бил нарушен јавниот ред и мир, со физичка пресметка помеѓу Н.К.(68) и Х.К.(32), кои биле со патничко возило „голф", од една страна и Н.Р.(48) и М.Р.(30), кои биле со патничко возило „шкода", од друга страна, при што било употребено и огнено оружје. Притоа со повреди се здобиле Н.К. и М.Р., кои биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Четирите лица се лишени од слобода, а обезбедени се и нивните возила и оружјето. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба ве веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет